Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-5254/2
25-11-2022 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство, трговија, градежништво и инженеринг
МАРИБЕЛ увоз-извоз ДОО
Бр. 01-03 2022 год.
Прилеп
25-11.2022

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, трговија, градежништво и инженеринг МАРИБЕЛ увоз-извоз ДОО Прилеп на локалитетот „Пештерица-Ѓуровица", општина Прилеп бр.41-6401/7 од 01 ноември 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.233/22) и членот 24 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Пештерица-Ѓуровица", општина Прилеп бр.24-7383/1 од 05.12.2013 година,

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Друштвото за производство, трговија, градежништво и инженеринг**
**МАРИБЕЛ увоз-извоз ДОО Прилеп**
**со адреса: Илка Присаѓанка бр.43/А Прилеп, Република Северна Македонија**
**застапувано од лицето Блаже Тодороски**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден _________ 2022 година во Скопје, склучија:**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup

# АНЕКС
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МЕРМЕР НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ПЕШТЕРИЦА-ЃУРОВИЦА", ОПШТИНА ПРИЛЕП

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Пештерица-Ѓуровица", општина Прилеп бр.24-7383/1 од 05.12.2013 година, членот 3 се менува и гласи:

**„Член 3**

**Рок на важење на концесијата**

Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 20 (дваесет) години".

**Член 2**

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 6 (шест) примероци за Концедентот и по 1 (еден) примерок за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Пештерица-Ѓуровица“, општина Прилеп бр.24-7383/1 од 05.12.2013 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Пештерица-Ѓуровица“, општина Прилеп бр.24-7383/1 од 05.12.2013 година остануваат во сила, непроменети.

| За Концедентот | За Концесионерот |
|---|---|
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | Друштвото за производство, трговија, |
| МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА, | градежништво и инженеринг |
| Kreshnik Bekteshi | МАРИБЕЛ увоз-извоз ДОО Прилеп |
| | Блаже Тодороски |

Изработил/Përpiloi: Кика Шпритова
Контролирал/Kontrolloi: m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ